**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за анализа на политиките и координација- Одделение за соработка со НВО

17-11-2020

ноември, 2020

Архивски број: 43-8938/3

До:
Македонски центар за меѓународна соработка
Ул. Никола Парапунов бр.41а
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување по предлог иницијатива за годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

Почитувани,

Генералниот секретаријат Владата на Република Северна Македонија - Одделение за соработка со невладини организации, ја разгледа вашата Предлог – иницијатива за годишната Програма за работа на Владата за 2021 година: Реформирање на системот за државното финансирање за граѓанските организации и во рамките на делокругот на своите надлежности ве известуваме за следното:

Спроведувањето на сеопфатна реформа на државното финансирање на граѓанските организации влијае на унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, што придонесува кон зајакнување на демократското управување во Република Северна Македонија.

Во текот на 2019 и 2020 година, зголемена е транспарентноста и објективноста при распределбата на средствата наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Во декември 2019 година, по спроведен консултативен процес со граѓанскиот сектор, донесена е нова Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.277/19), а во работата на Комисијата за распределба на средствата учествуваат и два члена на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на граѓанските организации.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

На предлог на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во постапка на разгледување од страна на Владата е доставена Анализа на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проектите во РСМ, утврдена на 23. седница на Советот, одржана на 24.9.2020 година.

Во насока на сеопфатна реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации, како предуслов за ефикасно функционирање на институционалната поддршка и за кофинансирање на ЕУ-проектите, во Анализата се содржани следниве генерални препораки: (1) Да се зголеми уделот на државното финансирање од централниот буџет, со цел да се достигне удел од 30 % (или околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година, а како извор за тоа да послужи Законот за игрите на среќа и за забавните игри, секторските закони, како и идните извори за воведување нови даноци или акцизи; (2) Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите да се трансформира во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт (Одлука или Уредба), со доуредување на елементите кои се покажале како слабост; (3) Да се предвиди механизам со кој буџетските корисници унифицирано ќе ги планираат и извршуваат средствата предвидени за поддршка на граѓанските организации во рамките на буџетската ставка 463 и да се донесе повеќегодишна владина програма со која ќе се определат средства за постепено зголемување на средствата за поддршка на граѓанските организации. Истовремено, јасно да се разграничи финансирањето на организациите регистрирани по Законот за здруженија и фондации и другите организациски облици.

Препораките од Анализата се во согласност со определбите на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, содржани во Програмата за работа на Владата 2020-2024, во областа Демократија која работи за граѓаните.

Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата во текот на 2021 година посветено ќе работи на операционализација на препораките содржани во Анализата, со поддршка на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" финансиран од Европската Унија.

Со почит,

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
д-р Драги Рашковски

Подготвила: Љавдие Лецај
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk